Трговско друштво за вработување на инвалидни лица ИНТЕР ХЕМ ДООЕЛ Друштво за производство, промет и услуги во хемиската индустрија
Бр. 0807-7
09.02 2023 год.
СКОПЈЕ

Јавно претпријатие
КОМУНАЛЕН СЕРВИС Валандово
Бр. 05-52/3
09.02. 2023 год.

Врз основа на член 2 и член 9 од Законот за јавни набавки(Службен весник на Република Северна Македонија број 136/07,130/08,97/10,53/11,185/11,15/13,148/13,28/14,43/14,130/14,180/14,78/15,192/15, 27/16 и 87/21),а по однос на објавениот оглас за јавна набавка број 00655/2023 од страна на договорниот орган ЈП Комунален сервис-Валандово,на ден 09.02.2023 година се склучува следниот договор:

# Д О Г О В О Р

## За сукцесивна набавка на на натриум хипохлорит

**1.ЈП Комунален сервис- Валандово**, со седиште на ул.Ленинова бр.1 Валандово со ЕМБС 4018753 претставуван од Директорот Емилија Заева-Костова(во понатамошниот текст Набавувач)од една страна,и
2.Трговско друштво за вработување на инвалидни лица ИНТЕР-ХЕМ ДОО Друштво за производство,промет и услуги во хемиската индустрија-Скопје,со седиште на Булевар Партизански одреди бр.64 А-2/1 Карпош,Скопје и ЕМБС 4126246(во понатамошниот текст Добавувач)од друга страна.

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со сукцесивна набавка на натриум хипохлорит согласно Одлуката за јавна набавка бр.05-52/1 од 25.01.2023 година ,по спроведена постапка за набавка од мала вредност со објавување на оглас број 00655/2023 и Одлука за избор на најповолна понуда број 05-52/2 од 02.02.2023 година.

## 1.Предмет на договорот

**Член 2**

Предмет на овој Договор е набавка на: **сукцесивна набавка на натриум хипохлорит** за потребите на набавувачот ,по вид и количина согласно прифатената понуда и техничка спецификација составен дел на договорот.

## 2.Вредност на договорот

**Член 3**

Вредноста на договорот во моментот на склучување е утврдена врз основа на понудата на добавувачот и изнесува 300.000,00 денари без ДДВ.

Вкупната вредност на овој Договор ќе се утврди врз основа на стварно испорачаните стоки потврдени со уредно заверена испратница,но не повеќе од 300.000,00 денари без ДДВ,односно 354.000,00 денари со пресметан ДДВ.

Единечните цени за одделни стоки предмет на Договорот се утврдени во понудата на понудувачот која е прифатена како најповолна.

Договорниот орган нема обврска да ја реализира во целост вредноста и количината на овој договор.

## 3.Времетраење на договорот

Член 4

Договорот се склучува на определено време во рок од 1(една) година,но не подолго од 365 дена и ќе започне со реализација од денот на склучувањето на Договорот.

## 4.Начин,услови и рок на плаќање

Член 5

Набавувачот се обврзува плаќањето на добавувачот да го врши вирмански во рок по доставена фактура во рок од 60 дена ,од денот на приемот на фактурата во Архивата на набавувачот.

## 5.Начин и рок на испорака

Член 6

Добавувачот е должен испораката на стоките,предмет на овој договор да ги достави до адресата на набавувачот во рок од 5(пет)работни дена од приемот на нарачката.

Во случај на 2(две) последователни неиспорачани набавки во предвидениот рок,Набавувачот има право по претходно доставено писмено известување до Добавувачот да го раскине договорот со проста изјава за раскинување на договорот.Во овој случај Добавувачот го задржува правото да склучи договор со второ рангираниот понудувач.

Член 7

Добавувачот е должен испораката на стоките,предмет на овој договор да ги достави до адресата на Набавувачот.

## 6.Квалитативен и квантитативен прием

Член 8

Квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавка на овој договор го врши Набавувачот,врз основа на потпишан Договор за јавна набавка,од овластени лица на договорните страни.

Испораката на стоките се смета за извршена по потпишување и заверување на испратница од овластено лице на Набавувачот и овластено лице на Добавувачот.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока.

## 7.Решавање на спорови

Член 9

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор,договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава стварно и месно надлежен суд.

## 8.Раскинување на договорот

Член 10

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска ,другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или може да го раскине договорот со доставување на писмено известување во рок од 7(седум) дена пред да го раскине договорот.

## 9.Применлив закон

Член 11

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## 11.Завршни одредби

Член 12

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

Член 13

Измени и дополнувања на овој договор може да се врши по претходна согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 14

Овој Договор стапува на сила од денот на неговото потпишување.

Член 15

Овој договор е составен во 4(четири) еднообразни примероци,од кои по 2(два) за секоја договорна страна.

Добавувач

ИНТЕР-ХЕМ ДОО

Скопје

Илчо Петровски

Набавувач

ЈП Комунален сервис

Валандово

Емилија Заева-Костова